**ПОЛИТИКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ИСПРАВКА НА ВРЕДНОСТА И ОШТЕТУВАЊЕ**

(1) Изложеноста на кредитен ризик, која е предмет на класификација од страна на Штедилницата, ги опфаќа:

1) Активните билансни позиции врз основа на следниве побарувања: кредити и депозити во банки; камати; провизии и надомести; побарувања од Република С. Македонија - вложувања во хартии од вредност кои што се чуваат до доспевање; вложување во благајнички записи на НБРСМ, расположив депозит во НБРСМ вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба, побарувања по аванси за гориво од правни лица, побарувања по аванси за вработени, побарувања од закуподавци за дадени депозити и други билансни побарувања коишто ја изложуваат Штедилницата на кредитен ризик.

2) побарувања по аванси за гориво од правни лица, побарувања од закуподавци за дадени депозити, побарувања по аванси на вработени

(2) Следните позиции не се дел од кредитната изложеност:

1) паричните средства, златото и другите благородни метали, средствата на сметките на Штедилницата кај НБРСМ (во понатамошниот текст: Народната банка), вложувањата во подружници, придружени друштва и во заедничко дејствување, нематеријалните средства, земјиштето, недвижностите и опремата, природните богатства, средствата преземени врз основа на ненаплатени побарувања, средствата за работа и залихите;

2) финансиските средства коишто ја изложуваат Штедилницата на пазарен и/или друг вид ризик, различен од кредитниот ризик: вложувањата во сопственички инструменти, вложувањата во должнички инструменти коишто се мерат по објективна вредност преку билансот на успех и кредитите и побарувањата коишто се мерат по објективна вредност преку билансот на успех.

(3) Штедилницата утврдува исправка на вредноста и посебна резерва за кредитните изложености врз основа на утврдената очекувана кредитна загуба на поединечна и/или на групна основа, најмалку на месечна основа

(4) При класификација на кредитна изложеност при секај натамошна класификација, штедилницата ги има во предвид :

1) Промените во кредитната способност на клиентот;

2) Уредност во измирувањето на обврските;

(5) Штедилницата врши класификација во следниве категории на ризик

1) Во категорија на ризик „А" се класифицира кредитна изложеност која ги исполнува следните критериуми:

- побарувања од Европската централна банка, како и од централните влади и централните банки на земји за кои согласно со регулативата на Народната банка за Методологијата за утврдување на адекватност на капиталот се применува пондер на ризичност од 0%
- финансиската состојба и паричните текови на клиентот овозможуваат непречено работење и можност за намирување на тековните и идните обврски кон штедилницата;
- кредитната изложеност чии што обврски се извршуваат во согласност со договорените услови, односно тековните денови на доцнење не надминуваат 31 ден;
- кредитната изложеност чиишто обврски во претходниот период од шест месеци се извршуваат во согласност со договорните услови, со задоцнување коешто не надминува 31 ден или со исклучок до 60 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 32 до 60 дена;

- кредитната изложеност за која не е утврдено дека е настанато зголемување на кредитниот ризик, во согласност со Критериумите за определувње зголемување на кредитниот ризик;
- делот од кредитната изложеност којашто е обезбеден со првокласни инструменти за обезбедување, доколку инструментот се активира во рок од 90 дена од рокот на достасување на таа изложеност;
- кредитната изложеност којашто се наоѓа во последната година од пробниот период
- По исклучок на ставот 1 алинеја 3 од овој член, Штедилницата може во категоријата на ризик „А" да ја класифицира кредитната изложеност којашто на датумот на класификација се намирува со задоцнување подолго од 31 ден, доколку вкупниот износ што не е наплатен подолго од 31 ден е помал од 1000 денари и задоцнувањето не е подолго од 60 дена.

2) Во категорија на ризик **„Б"** се класифицира

- кредитната изложеност кон клиент којшто има финансиски слабости, но финансиската состојба овозможува негово непречено работење
- кредитна изложеност со тековни денови на доцнење кои не надминуваат до 60 дена
- кредитна изложеност најчесто чии што обврски во претходниот период од 6 месеци се извршуваат со задоцнување најмногу до 60 дена, или со исклучок до 90 дена, доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 61 до 90 дена
- кредитната изложеност којашто има третман на реструктурирана кредитна изложеност, но само доколку кредитната изложеност нема третман на реструктурирана нефункционална кредитна изложеност од најмалку една година одкако била исклучена од категоријата реструктурирана нефункционална кредитна изложеност.

3) Во категорија на ризик „**В"** се класифицира

- кредитна изложеност на клиентот чии парични приливи се несоодветни за редовно намирување на обврските;
- кредитната изложеност којашто има третман на реструктурирана кредитна изложеност и исполнет е најмалку уште еден критериум од оваа потточка
- Изложеност спрема клиент кој има активирано и реализирано обезбедување, а нема нефункционална главница
- кредитна изложеност со тековни денови на доцнење коишто не надминуваат до 120 дена
- кредитна изложеност чиишто обврски во претходниот период од 6 месеци се извршуваат со задоцнување до 120 дена, или со исклучок до 180 дена доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 121 до 180 дена.
- За нефункционалните кредитни изложености класифицирани во категоријата на ризик „**В**, штедилницата треба да утврди исправка на вредноста, односно да издвои посебна резерва од најмалку 30% од износот на кредитната изложеност.

4) Во категорија на ризик **„Г"** се класифицира

- кредитна изложеност на клиент којшто е неликвиден;
- реструктурирана нефункционална кредитна изложеност за која клиентот доцни повеќе од 90 дена или за која е одобрено ново реструктурирање
- кредитна изложеност со тековни денови на доцнење кои не надминуваат до 240 дена
- кредитна изложеност чиишто обврски во претходниот период од 6 месеци се извршуваат со задоцнување до 240 дена, или со исклучок до 300 дена доколку доцнењето е најмногу двапати во интервалот од 241 до 300 дена.

5) Во категорија на ризик **„Д”** се класифицира кредитна изложеност која ги исполнува следните критериуми:

- Обврските се извршуваат со задоцнување кое не ги исполнува условите за класификација во категорија на ризик “Г”
- Клиентот го оспорува постоењето на кредитната изложеност (во судска или вонсудска постапка);